# План за реорганизација во стечајна постапка

- актуелни прашања и правна рамка наспроти потребата од реформи во Законот за стечај -



м-р. **Александар Шопов**
Судија на Основен суд Велес

*Скопје, 13 декември 2022 г.*

# СТЕЧАЈОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА




- ✓ Англо-американски правен „продукт“ - Chapter 11, USA, 1978.
- ✓ релативно нов правен институт
- ✓ Нов пристап во стечајот – шанса за нов почеток

# СТЕЧАЈОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

## Стечајната реорганизација - Плодно поле за корпоративно-правни анализи и предизвик за правните практичари

- Елементи на поголем број различни правни дисциплини
- Широк спектар на примена
- Мултидисциплинарен пристап
- Ефекти врз правната и економската стабилност на државата
- Стечајот како „смрт и закоп“ или можност за враќање во „живот“ на друштвото?

## ХИПОТЕЗА

„Стечајната реорганизација претставува ефикасна можност за надминување на инсолвентноста на трговските друштва и нејзината успешна примена зависи од оптималноста на законодавната рамка, капацитетите на деловниот потфат на должникот, потенцијалите за добро корпоративно управување и особено, навременото пристапување кон реорганизација на друштвото.“

# СТЕЧАЈОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

## ЦЕЛИ

- Сеопфатен преглед на механизмите кои ја овозможуваат реорганизацијата во македонскиот правен систем

- Акцентирање на квалитетот на реорганизацијата заради поттикнување на доверителите

⬇

- Зголемување на свеста на учесниците во стечајните постапки каде резултатите од реорганизацијата сѐ уште се скромни

# СТЕЧАЈОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

- ✓ Кои се **основните атрибути** на реорганизацијата според правилата на стечајното право и дали истата е поставена на реална основа во економско-правниот систем?
- ✓ Дали реорганизацијата нуди **еднакви можности** со другите облици на спроведување на стечајна постапка?
- ✓ Кои фактори доведуваат до **охрабрување на доверителите** да пристапат кон усвојување на план за реорганизација и продолжување на должниковиот деловен потфат наместо негова ликвидација и впаричување на имотот на должникот?
- ✓ Која е улогата на законодавството и во кој степен примената и успехот на планот за реорганизација зависи од **оптималноста на законодавната рамка**?
- ✓ Кои **форми на реорганизација** постојат во македонското инсолвентско право и кои предности ги нуди стечајната реорганизација наспроти неформалните облици на реструктуирање на трговските друштва?
- ✓ Колку **капацитетите на деловниот потфат** на должникот и потенцијалите за добро корпоративно управување се претпоставка за успешна реорганизација?
- ✓ Дали **навременоста во пристапувањето кон реорганизација** на друштвото е фактор од кој директно или индиректно зависи нејзиниот успех?
- ✓ Кои се **позначајните аспекти** на стечајната реорганизација **во споредбеното право** кои можат да бидат инкорпорирани во македонскиот правен систем со цел да се подобри легислативната рамка која го уредува овој правен институт?

# ОДЛУКА НА НАТАМОШЕН ТЕК НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ?!

Одлуката дали постапка за реорганизација доаѓа во предвид, се темели на основа на **ХИПОТЕТИЧКА КОМПАРАТИВНА КАЛКУЛАЦИЈА** на резултатите на постапката:

РЕОРГАНИЗАЦИЈА ⟷ ЛИКВИДАЦИЈА

ЕФЕКТ: финансиски / социолошки / економски / трудово-правен

# ОДЛУКА НА НАТАМОШЕН ТЕК НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ?!

## УСЛОВИ ОД КОИ ЗАВИСИ МОЖНОСТА ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА:

→ тековно работење – планот вообичаено не доаѓа во предвид кај должник чиј бизнис фактички престанал

→ не, во оние случаи каде должникот веќе ги „измамил“ доверителите, бидејќи за реорганизација е потребна доверба на доверителите (реорганизација е возможна кај чесен должник)

→ по правило, не кај микро субјекти – реорганизација вообичаено повлекува големи трошоци и повеќе време

→ да, доколку причините за кризата се „отстранливи“ (што во основа, често е случај)

# ПРАВНА РАМКА

**ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ - 2006 г.** (Сл.Весник на РМ бр.34/06)

- со **8 измени и дополнувања**: Сл.Весник бр.126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15, 192/15.

**Значење на поимот „Реорганизација“**

согласно чл.2 ст.1 т.60 од Закон за стечај

**РЕОРГАНИЗАЦИЈА** е **процесот** со кој добрата, финансиската состојба и одржливоста на претпријатието на должникот можат да се обноват, а **претпријатието на должникот** може **да продолжи да функционира**, со употреба на повеќе средства утврдени со овој закон, а пред сé со отпишување на долгот, одложување на долгот, преобразба на долгот во удел во друштвото и продажба на претпријатието како целина или дел од него;

# ЦЕЛ НА РЕОРГАНИЗАЦИЈАТА



# НЕЛИКВИДНОСТ ?!

## → најважни причини за криза – резутати од анализа на фактори (истражување во СР Германија)

| Причини за стечај | во % |
|---|---|
| Премногу меници | 21% |
| Неконтролирано вложување и експанзија | 21% |
| Проблеми со вработените | 25% |
| Недостаток на стратешка рефлексија | 27% |
| Егоцентрик, недостаток на надвор. ориентација | 28% |
| Недоволно прилагодување на пазарот | 29% |
| Доминација на лична над стручна мотивација | 33% |
| Погрешно планирање на производството | 41% |
| Инвестициски промашувања | 42% |
| Недоволна транспарентност и комуникација | 44% |
| авторитативно, ригидно управување, погрешен менаџмент | 57% |
| Неадекватен менаџмент над долговите | 64% |
| Расчекор помеѓу приходите и расходите | 76% |
| Недостаток на контрола | 79% |



# НАЧИНИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

**1)** ќе му се препушти на должникот управување или располагање со целиот или со еден дел од неговиот имот, освен ако со овој закон поинаку не е уредено;

**2)** ќе се спроведе соодветна статусна измена со цел да се пренесе имотот на должникот или еден дел од имотот на должникот на едно или на повеќе лица кои постојат или кои ќе бидат основани;

**3)** должникот ќе се спои со едно или со повеќе лица;

**4)** ќе се продаде цел или дел од имотот на должникот, со или без правата на одвоено намирување;

**5)** ќе се подели целиот или дел од имотот на должникот меѓу доверителите;

**6)** ќе се определи начинот на намирување на стечајните доверители;

**7)** ќе се намират или ќе се изменат правата на одвоено намирување;

**8)** ќе се намалат или одложат исплатите на обврските на должникот;

**9)** обврските на должникот ќе се претворат во кредит;

**10)** ќе се намири некоја или сите обврски на должникот кон доверителите со удел или со акции кои ги поседуваат содружниците, односно акционерите;

# НАЧИНИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

**11)** ќе се преземе гаранција или ќе се даде друго обезбедување за исполнување на обврските на должникот;

**12)** ќе се претвори некоја или сите обврски на должникот кон доверителите во удел или акции во реорганизираниот должник, во износ според претходна процена од страна на овластен проценител на нето вредноста на основната главнина на друштвото;

**13)** дополнително вложување;

**14)** ќе се дозволи зголемување на основната главнина на друштвото преку издавање на акции и удели за доверителите или за нови инвеститори;

**15)** измена на договорот за друштвото, статутот, односно друг основачки акт или друг акт на стечајниот должник со кој се определуваат посебни права на подносителот на планот за реорганизација;

**16)** согласност на стечајниот должник за прифаќање на лично управување согласно со овој закон и

**17)** **секој друг начин или мерка која е во согласност со закон**.

# ПРОЦЕСНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА ВО СТЕЧАЈ

ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА може да се поднесе:

**Пред отворање** на стечајна постапка:

- само од <u>должник</u> заедно со предлог за стечај
  (т.н. „претстечајна“ реорганизација –измени на ЗС од 2013 година)

**По отворање** на стечајна постапка, врз основа на одлука на Извештајно собрание на доверители:

- <u>стечаен управник</u>
- <u>доверител</u>

# „ПРЕТСТЕЧАЈНА“ РЕОРГАНИЗАЦИЈА

(облик на вонсудско спогодување)

- планот го поднесува **ДОЛЖНИК**, заедно со Предлог за стечај во кој мора да биде наведено дека предлага реорганизација
- **доказ** дека се исполнети условите за отворање стечај од чл.5 од ЗС
- планот содржи **подготвителен и содржински дел** со задолжителни елементи (средства за реализација на планот, листа на доверители по класи, рокови и динамика за спроведување на планот, извештаи, фин.проекции, изјави на нотар, вонреден ревизиски извештај...)

Стечајниот судија може да го отфрли предлогот под условите од чл.215-в ст.3 од ЗС, без право на жалба

Ако е предлогот е уреден, со решение се поведува **претходна постапка**, изрекуваат **мерки** на обезбедување (забрани и ограничувања, привремен стечаен управник, може и други стручни лица...), се закажува **рочиште** на кое ќе се одлучува и гласа по планот на кое се повикуваат сите познати **доверители** и јавно се објавува оглас.

# „ПРЕТСТЕЧАЈНА“ РЕОРГАНИЗАЦИЈА

Рочиштето треба да се одржи **во рок од 60 дена** од поведување на претходна постапка и во истиот рок постапката треба **да заврши**!

Ако доверителите на рочиштето **го прифатиле** планот
– Решение за отворање на стечајна постапка, одобрување на план за реорганизација и запирање на отворената стечајна постапка

Ако доверителите на рочиштето **не го прифатиле** планот
– Решение со кое се одбива предлогот за стечај со однапред изготвен план за реорганизација

Должникот **одговара за штетата** која ја нанел на доверителите заради мерките за обезбедување доколку во планот навел неточни податоци

# РЕОРГАНИЗАЦИЈА ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Планот (вообичаено во форма на иницијатива) за реорганизација го поднесува:

- **СТЕЧАЕН УПРАВНИК** на Извештајно Собрание
- **ДОВЕРИТЕЛ** најдоцна 15 дена пред одржување на Извештајно Собрание

Доверителите на првото **Извештајно Собрание** одлучуваат дали ќе прифатат продолжување на деловниот потфат преку план за реорганизација и ќе го овластат подносителот да го изготви и достави до судот

**Рокот** изнесува **45 дена**, стечајниот судија може да го продолжи за 15 дена
Ако планот не биде поднесен во рокот, со решение постапката веднаш продолжува со впаричување на имотот (**ликвидација** на деловниот потфат)

Планот содржи **подготвителен и содржински дел** со предвидени задолжителни елементи и исправи во прилог

# РЕОРГАНИЗАЦИЈА ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Одборот на доверители (и стечајниот управник ако не е подносител) се **изјаснуваат** по планот за реорганизација, по што планот **се депонира на увид** на учесниците во постапката (8 дена)

Со јавна објава во еден дневен весник се свикува **Собрание за расправа и гласање** по план за реорганизација
(се одржува во периодот помеѓу 21 и 30 дена од истек на рокот за увид)

Доверителите гласаат по групи, со просто **мнозинство** од присутните
(освен ако планот не предвидува поинакво мнозинство)

По усвојување, стечајниот судија **го одобрува** со решение кое го содржи спроведбениот (содржински) дел на планот за реорганизација
Стечајниот судија може и **да го одбие** одобрувањето планот усвоен од доверителите. (чл.236 од ЗС)

Дозволена е жалба против решението за одобрување / одбивање.

# РЕОРГАНИЗАЦИЈА ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Правосилното решение за одобрување на планот е **извршна исправа:**

- одредбите од содржинскиот дел стануваат задолжителни спрема сите учесници
- доверителите чии побарувања се намируваат со планот може да бараат и присилно извршување.

По правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација, стечајната постапка **се заклучува** со посебно решение.

**Надзор** над спроведувањето се определува со планот.
Надзорот се укинува откако ќе се намират или обезбедат побарувањата по планот, или ако поминат 3 години од заклучување, а не било побарано отворање на нов стечај

Стечајниот управник и секој стечаен доверител може да бара **повторно отворање** на стечај - без спроведување на претходна постапка.
**УСЛОВ** –планот да не се спроведува додека трае надзорот!

# Заклучување по **план за реорганизација**

- По правосилноста на решението за одобрување на планот, судот стечајната постапка ја ЗАКЛУЧУВА со посебно решение

- Разлика во правните последици:
    - Стечаен управник и Одбор повеќе немаат овластувања (освен кај тужба за побивање поднесена од ст.управник, која може да се води во корист на должникот само доколку планот така предвидува)
    - Субјектот кој се реорганизира стекнува право на слободно располагање

(Истата) Стечајна постапка може да се „преотвори“ само во случај за усвоен план за реорганизација!!!

# Заклучување по **план за реорганизација**

- Иницијатива за **ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ** на стечајна постапка
  - на предлог на стечаен доверител / стечаен управник
  - услов: НЕСПРОВЕДУВАЊЕ на Планот
  - само во текот на траење на НАДЗОРОТ!!! – проблеми во пракса?
  - без претходна постапка
  - се изрекува ликвидација на должникот и впаричување на масата
  - правната судбина на претходно утврдените побарувања?

ОД ПРАКСА (изрека на решение):

ДОВЕРИТЕЛИТЕ **чии побарувања се пријавени** во отворената стечајна постапка над стечајниот должник која е заклучена со Решение СТ.бр.20/2015 од 28.04.2016 година поради спроведување на одобрен План за реорганизација, **НЕМААТ ОБВРСКА** повторно да ги пријават побарувањата.

СЕ ПОВИКУВААТ доверителите чии **побарувања настанале по заклучување** на стечајната постапка над стечајниот должник, да ги пријават своите побарувања до стечајниот управник во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, ........

# **Практичен пример** за „преотворање“ на стечај

**Пресуда на ОС Скопје 1 КОК.бр.17/10 од 26.01.2011 г.**

(потврдена во сите инстанци)

Стечај над ЖИТО МЕЛ АД Куманово

СЕ ПОНИШТУВААТ заедно со последиците што произлегуваат од истите, правните работи настанати како резултат на сторени кривични дела во стечајната постапка и како ништовни не произведуваат правно дејство:

- Одлука на Собрание на доверители
- Решенија на стечаен совет СТ.бр.----
- План за реорганизација одобрен со Решение СТ.бр.----
- Решение Трег.---- на ОС Скопје 1
- Решение на ЦРРМ...., Договори....

# РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНСКОТО СТЕЧАЈНО ПРАВО

**ПРЕДЛОГ – ЗАКОН ЗА ИНСОЛВЕНТНОСТ** – објавен на ЕНЕР на 03.03.2022 г.

- Хармонизација преку имплементирање на Директивата 2019/1023 на Европскиот Парламент и Директивата (ЕУ) 2017/1132 (Директива за преструктуирање и инсолвентност)
- Вградување на најдобрите европски и светски практики за водење на постапките за инсолвентност
- Усогласување на Законот за стечај (инсолвентност) со други закони
- Пополнување на правни празнини, отстранување аномалии, вградување на практичното искуство...

**НОВ КОНЦЕПТ – НОВИ ЦЕЛИ: справување со состојба на „ИНСОЛВЕНТНОСТ“**

- ✓ навремено препознавање на кризата во работењето и фин. потешкотии и поттикнување на должниците кон обид за вонсудско преговарање, зајакнато со соодветен механизам на судска верификација
- ✓ приоритет на „договорната“, наспроти „ликвидационата“ варијанта за намирување на доверителите

# СТЕЧАЈОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

DE LEGE FERENDA



# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА РАНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**ЦЕЛИ:**

- да им се овозможи на должниците рано препознавање на финансиските потешкотии и навремено преземање на мерки и спроведување на постапка заради надминување на идната инсолвентност

- навремено информирање на доверителите заради преземање на сооодветни мерки

**НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ:**

Министерството за економија:

- прибира податоци од институциите
- најмалку **еднаш месечно** на својата веб страна ќе објавува **листа на друштва кои не извршиле одредени плаќања спрема трети лица** и поради тоа им престои идна инсолвентност.

✓ Одложена примена – 1 година по влегување на сила на законот

✓ Посебен акт да се донесе во рок од 6 месеци

# НОВИНИ КАЈ ОПШТИТЕ НАЧЕЛА И ПРОЦЕСНИ ПРАВИЛА

- Забрана за поднесување предлози за определување на друг стварно/месно надлежен суд

- Доставување на писмена до правни субјекти на електронска адреса од Трговски регистар! (e-mail, а не достава преку „e-sud“)

- Можност за пријавување на електронска адреса на физички лица – учесници

- Електронската достава ќе ја врши регистрирано правно лице – давател на квалификувана доверлива услуга според посебните прописи

- Ограничување можности за поведување на различни постапки во исто време:

  - друштво во ликвидација (по ЗТД) не може да предлага превентивно преструктуирање или претстечајна реорганизација

  - ако е отворена постапка за превентивно преструктуирање или претстечајна реорганизација, не може да се отвори стечај

- Замена на концептот „стечаен судија“ со „судот“ - донесува решение, заклучок и упатство (?!)

- Дозволено право на жалба, освен ако со посебна одредба не е исклучено

# РЕФОРМИ НА МАКЕДОНСКОТО ИНСОЛВЕНТСКО ПРАВО

## ПРЕВЕНТИВНО ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА ДРУШТВО ВО ФИНАСИСКИ ПОТЕШКОТИИ

- Преструктуирање во рана фаза!

- Должник за кој е веројатно дека за време од една година ќе биде инсолвентен

- Договор за финансиско преструктуирање - со мерки за преструктурање на обврските и други мерки кои ќе бидат потребни за се надминат причините заради кои должникот може да стане неспособен за плаќање (инсолвентен)

- **Овластен предлагач: само должник, кој ќе приложи:**

1. основен преглед на побарувањата на доверителите кои не се наплатени од должникот со состојба на последното тромесечје
2. ревизорски извештај за основниот преглед на побарувањата на доверителите за кој ревизорот дал ревизиско мислење без забелешки;
3. заверени изјави кај нотар за согласност за почеток на постапката од доверителите кои имаат побарувања спрема должникот кои заедно сочинуваат 30% од вкупниот износ на побарувањата

# РЕФОРМИ НА МАКЕДОНСКОТО ИНСОЛВЕНТСКО ПРАВО

## ПРЕВЕНТИВНО ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА ДРУШТВО ВО ФИНАСИСКИ ПОТЕШКОТИИ

- Судот носи **решение за отворање на постапка за превентивно преструктуирање**, со укажување дека отворањето на постапката за превентивно преструктуирање има правно дејство само на побарувањата кои се содржани во основниот преглед на побарувања

- **Правни последици**: Automatic stay –извршувања/обезбедувања прекинуваат, нови не се дозволени
  Застој на застареност за доверителите, не тече камата за должник

- Се склучува **Договор за финансиско преструктуирање** помеѓу должникот и најмалку 75% од доверителите (+ нивни изјави заверени на нотар)

- **Краток рок**: 90 дена / 120 дена по отворање на постапката (рокот е преклузивен!)

- Судот со **Решение го одобрува Договорот за финансиско преструктуирање**. Решението има правно дејство спрема побарувањата на доверителите кои се согласни со склучувањето на договорот на начин и во обем определен во договорот

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА ПРЕТСТЕЧАЈНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

- Постојниот Закон за стечај - Реорганизација во претходна постапка – измени од 2013 година
- Во пракса – исклучително мал број предмети!

**Новини**:

- Идна инсолвентност - „постоечките обврски нема да може да ги исполни по нивната доспеаност"
- И судот може да утврди идна неспособност за плаќање (а не само должник да докаже)
- Предлог може да поднесе и доверител, со согласност на должник (нотарски заверена)
- Треба да се приложи и процена на друштвото од овластен проценител, според меѓ.стандарди
- Со Решение судот отвора постапка на претстечајна реорганизација (нема претходна постапка)
- Се именува повереник (од редот на стечајните управници)
- Се регулираат „нужни плаќања" во тек на постапката

# РЕФОРМИ НА МАКЕДОНСКОТО ИНСОЛВЕНТСКО ПРАВО

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА ПРЕТСТЕЧАЈНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

**Новини**:

- **Правни последици**: Automatic stay –извршувања/обезбедувања прекинуваат, нови не се дозволени
  Застој на застареност за доверителите, не тече камата за должник
- Постапка за потврдување на прегледот на побарувања, со право на приговор / тужба за утврдување
- Дополнителни услови за одбивање на планот од судот:
  - од планот за реорганизација не произлегува веројатност дека со неговото спроведување ќе овозможи способност на должникот за плаќање во тековната, како и две следни календарски години
  - ако со планот за реорганизација е предложено претворање на побарувањата на еден или повеќе доверители во влог во основната главнина на должникот, содружниците односно акционерите не донеле одлука со која се дозволува
- 90 дена траење на постапка, не 60

# РЕФОРМИ НА МАКЕДОНСКОТО ИНСОЛВЕНТСКО ПРАВО

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

**Новини**:

- ✓ Допрецизирање на формалните аспекти на постапката по планот
- ✓ Овластување на судот со решение да наложи да не се покренува постапка за одземање на право на користење на ГИЗ

**Отворени прашања**:

- ➢ Правната судбина на концесиите?
- ➢ Траењето на надзорот од 3 години / план може да трае 5 години

# НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

- Два **услови за отворање** на стечајна постапка:
  - „неспособност за плаќање“ (блокада > 45 д.)
  - „презадолженост“ (ако имотот е помал од обврските)

- Нови одредби за **награда и трошоци на стечаен управник**
  - динамика на плаќање и разграничување по висина во зависност кој го изготвил планот за реорганизација во стечај
  - динамика и утврдување горни граници во проценти во случај на впаричување на стечајна маса / распределби
  - надомест на трошоци за имот кој разлачен доверител го впаричил надвор од стечајот!
  - право на ст.управник на „авансна исплата на претпоставена награда“ –просечна плата во годината на отворање стечај

- Нови одредби за **статус на стечаен управник**
  - само правник или економист
  - депрофесионализација
  - Одлука на Министер - привремено мирување на именување во нови постапки врз основа на обвинение / дисцип. (?!) спорно: судот ќе го разреши и од сите стечајни постапки во рок од 3 дена!!!?
  - повторно полагање за лиценца во рок од 3 месеци –за проверка на знаењето според новиот закон (?!)
  - пензионирање – одземање лиценца во рок од 8 дена / предавање на предмети во рок од 30 дена (?!)

- Метод на **електронски избор** на стечаен управник / привремен стечаен управник / повереник

# НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

- **Одбор на доверители**
  - продажба на побарувањето е основ за разрешување на член
  - во отсуство на претседателот, неговите должности ги врши доверителот - член со најголемо побарување
  - избришана можноста за електронско одржување на седница (?!)
  - можност за застапување на доверител – правно лице, од „лице кое има овластување“ (физ. лице – полномошник!)

- **Собрание на доверители**
  - нема значајни новини
  - нема можност за хибридно одржување на седници!

- **Поведување** на стечајна постапка
  - овластен предлагач може да биде и лично одговорен содружник кај должникот
  - доверител не мора да поседува извршна исправа – доставува доказ за „правен основ на побарувањето“
  - должникот може писмено да се произнесе за инсолвентноста и за основаноста на побарувањето на доверителот
  - органи на должник одговараат за штета поради ненавремен стечај – тужба може да поднесе само стечаен управник, а ако успее тоа е во корист на сите доверители!

- **Претходна постапка** за испитување на услови за стечај
  - аванс до 30.000 денари

# НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

- **Во отворена стечајна постапка**
  - зголемување на рокот за пријавување на побарувања на стечајни / разлачни доверители – 30 дена
  - забрана за пренесување на блокади и замрзнувања од банките, врз новата „стечајна“ сметка
  - забрана за блокирање на стечајната сметка, вклучително и од државата за даноци!
  - дозволено присилно извршување само на пресуди за трошоци по повод стечајна постапка
  - дозволено присилно извршување на доверители на стечајна маса, после 6 м. - прво судот ќе донесе решение со рок!
  - 1 г. застој на застарувањето на побарувања на должникот кон неговите должници!
  - право на пребивање – само ако доверителот поднесе пријава на цел износ и изјава за пребивање, во спротивно го губи правото!

- **Стечајни доверители**
  - стекнуваат „процесна легитимација“ со пријавување на побарување
  - допрецизирани правила за содржина и прилози на пријавата
  - стечајниот управник им ја доставува табелата на сите – но преку електронска пошта!
  - споровите за утврдување не ги води стечајниот судија, туку судот, според распоредот за работа

- **Разлачни доверители (се напушта терминот – сега „Доверител со обезбедено побарување“)**
  - пријава во рок од 30 дена, без губење на право
  - кон пријавата мора да достават изјава за реализација на заложното право надвор / во стечајот
  - за последиците од недавање изјава - колизија на чл.198 ст.3 и 4 (внатре во стечај) со чл.270 ст.6 (надвор од стечај) ?

- **Право на жалба против решението за утврдени / оспорени побарувања (?!)**

# НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

- **Излачни доверители (се напушта терминот – сега „Лица со излачни права“)**
  - пријава во рок од 30 дена,
  - излачното право го испитува и го утврдува / оспорува судот со решение, по произнесување на стечаен управник
  - право на жалба до апелационен суд
  - ако не го пријави во рокот, или ако правосилно е оспорено, може да се остварува надвор од стечај, до заклучување!

- Допрецизирање на **процесно-правните последици на стечајот**
  - јасни правила за продолжување на прекинати парници
  - обврска за преиначување на тужбено барање (во утврдително) во претходно поведена парница
  - обезбедувања на доверители во рок од 90 дена пред предлогот – се бришат со решение на судот (не мора пресуда!)
  - одвоено намирување во извршување – се прекинува, освен заложно право

- **Стечајна маса – нови поделби**
  - основна (цел имот, освен посебната)
  - посебна (имотот кој служи за обезбедување)
  - делбена (впаричен дел од стечајна маса)
  - подобрување на можностите за преземање на неосновано задржан имот кон трети лица, одлучува судот!

- **„Легализација“ на објекти** – упатува на Законот за заклучување на стечајни постапки... од 2014 г.

# НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

## ➢ Нови правила за впаричување на стечајна маса

- започнува со Решение за продажба (исклучок – имот под 10.000 евра или расиплив имот)
- во решението веднаш се наложува бришење на И.бр. прибелешки!
- имот со пријавени излачни права не смее да се продава, до завршување на постапките внатре или надвор од стечај
- почетна цена 1 денар
- оглас БЕЗ наведување на проценета вредност (?!)
- контрадикторно: обврска за депозит од 5 или 10% од проценетата вредност (?!)
- Собрание се свикува само ако има највисока понуда ПОД проценетата вредност
- вкупно може 4 јавни електронски продажби
- купувач кој е и доверител во стечајот – НЕМА ПРАВО НА ГЛАС за продажбата !!!
- со решението за продажба се бришат хипотеки, залози, прибелешки, вр.мерки... !

## ➢ После 4 неуспешни обиди за впаричување на стечајна маса

- Собранието на доверители може да одлучи да се направи нова процена на имотот и потоа да се направат уште 2 обиди за продажба преку јавно наддавање, **или**
- јавно прибирање на писмени понуди (2 обиди), **или**
- продажба со непосредна спогодба, ......................................... **сето ова во рок од 90 дена !**

## ➢ Распределба на невпаричената стечајна маса на доверителите

- во случај на неуспешна продажба
- начинот го определува стечајниот управник, по мислење на Одбор, односно одлука на Собрание (?!)

# НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

- Регулирана **продажба на право на градење на неизграден (недограден) објект**
  - на предлог на стечаен управник, продажбата со решение се предбележува во Листот за предбележување
  - купувачот ги превзема сите права и обврски во случај кога постоело соинвеститорство

- **Продажба на имот кој служи за одвоено намирување на (разлачен) доверител**
  - во случај на неуспешна продажба во стечај, може да продолжи со реализација на заложно право надвор од стечај
  - извршител нема во стечај да ги пренесе средствата од продажба, туку само евентуален вишок по намирување

- **Распределба на парични средства**
  - <u>прва авансна</u> распределба - кога висината на „делбена маса“ е доволна за исплата на најмалку 30% од побарувањата на необезбедените доверители
  - <u>следни авансни</u> распределби – кога има доволно за исплата на 10% од побарувањата
  - се воведува право на жалба против решение за авансна распределба
  - конечна распределба – по целосното впаричување

# НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

- Нови посебни правила за **лична одговорност** за неограничено одговорни содружници
  - нивниот личен имот претставува стечајна маса заедно со имотот на друштвото

- Подобрена регулатива за **побивање на правни дејствија на стечаен должник**
  - Престануваат правата на доверителите за побивање по ЗОО
  - Веќе поднесени тужби по ЗОО може да продолжат, стечаен управник се придружува на тужителот – не е потребна согласност на тужител, ниту на тужен!
  - Можност да се побива договор за враќање на влог на содружник – 1 година
  - Стечајниот управник повеќе не мора да бара одобрение за поднесување тужба за побивање од Одборот на доверители или од судот
  - Должност на банките, УЈП, ЦРРСМ, Катастар и други регистри, на стечајниот управник да му дадат податоци кои се од значење за можноста за побивање на правни дејствија
  - Рок за пријавување на побарување СО ОДЛОЖЕН УСЛОВ – 30 дена од прием на тужбата на одговор! – ненавремената пријава, се отфрла
  - Се напушта „функционалната надлежност“ на стечајниот судија да постапува по овие парници

# НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК...

- ✓ Законот за стечај содржи **широк спектар на правни можности** кои ја промовираат реорганизацијата на трговските друштва како <u>ефикасен инструмент за договорна консолидација</u> на должничко-доверителските односи помеѓу учесниците на пазарот.

- ✓ Навремената реакција на **должникот**, поддршката од **доверителите** и ефикасноста на **органите на стечајната постапка** во спроведувањето на судската постапка за реорганизација, претставуваат основни <u>претпоставки за успех</u> на процесот на ревитализација и излегување на должникот од финансиската криза преку продолжување на неговата стопанска дејност и репрограмирање на неговите обврски врз основа на план за реорганизација.

- ✓ Со остварувањето на овие цели, **реорганизацијата на трговските друштва несомнено влијае** кон зголемување на сигурноста на пазарот, зајакнување на неговата економска стабилност и заштита на социјалните права на вработените.

- ✓ Тековната реформа на стечајното законодавство која е во тек се очекува да ги подобри можностите за ревитализација на должникот преку инструментите кои ги предвидува новиот драфт на законот

# ОД СУДСКАТА ПРАКТИКА...

**ФЕНИ ИНДУСТРИ АД Кавадарци**
предмет СТ.бр.111/17 на Основен суд Велес

- Навремено отворена стечајна постапка (непосредно по истек на 45 дена блокада)
- Активен стечај со поддршка на најголемите (разлачни) доверители - деловни банки
- Ниту еден вработен (од околу 800!) не го загуби работното место
- Намирени побарувања во износ од 2.417.753.055,00 денари кон обезбедени доверители
- Намирени побарувања во износ од 542.754.050,00 денари кон необезбедени доверители
- Намирени трошоци и доверители на стечајна постапка (активен стечај) од 140.674.173,00 денари
- Преструктуирање на должникот со престанок и основање на две нови трговски друштва
- Сложена стечајна постапка спроведена за околу 8 месеци
- Ревитализиран должник кој многу успешно стопанисува веќе 4,5 години

Ви благодарам на вниманието



aleksandar.shopov@osveles.mk